## РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВОВЕД ВО ФИЛОЗОФИЈА НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор и ре-избор на наставници во наставно и насловно звање, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 23.06.2017 година, за избор на наставник во насловно звање во дополнителен работен однос за наставниот предмет Вовед во филозофија и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, бр. 0205-187/6-10, донесена на 07.07.2017 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: Проф. д-р Гордана Никчевска – професор на висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС, проф. д-р Валентина Гулевска, редовен професор на Педагошкиот факултет во Битола и проф. д-р Гордана Тасевска – професор на висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во насловно звање во дополнителен работен однос за наставниот предмет Вовед во филозофија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: **д-р Мимоза Рајл.**

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Мимоза Рајл е родена на 25.01.1971 година во Скопје. Завршува средно гимназиско образование во 1989 година. Првиот циклус на студии го завршува на Филозофскиот факултет во Скопје во 1994 година и се стекнува со образовната квалификација B.Sc. по Филозофија. Вториот циклус на студии го завршува во истата област во 1997 година на Филозофскиот факултет во Скопје каде се стекнува со образовната квалификација Магистер по филозофски науки. Има завршено Специјализација ENA во Париз, Франција. Во 2006 година успешно ја брани својата докторска дисертација на тема „Европскиот мултикултурализам и мултилингвинизам и рефлексиите на Балканот и се стекнува со звање Доктор на филолошки науки.

Денес е вработена како Директор на Институтот за сценски уметности ЕСРА, Скопје.

Рецензионата комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

*Наставно-образовна дејност*

Кандидатот д-р Мимоза Рајл има наставно работно искуство како:

- Професор на Американскиот Универзитет во Скопје во периодот од 2006 до 2011 година по наставните предмети: Филозофија на култура и уметност, Естетика и Филозофија на комуникација;
- Вонреден професор на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА, Скопје во периодот од ноември 2016 година до денес по наставните предмети: Филозофија и Естетика.

Покрај наставното искуство, кандидатот има искуство и Координатор и уредник во Македонска телевизија во Скопје во периодот од 1995 до 1997 година, Координатор за Европски програми – Единица за Европска интеграција при Министерството за наука во периодот од 1997 до 2001 година, исто така има работено и како Советник за односи со јавноста на Владата на Република Македонија во периодот од 2001 до 2006 година, во периодот од 2012 до 2016 година има работено како Менаџер за односи со јавност во Big Media Group во Белгија.

*Научноистражувачка дејност*

Д-р Мимоза Рајл има објавено повеќе публикации и научни трудови:

- Книга прво издание: „Филозофските идеи за современите европски универзитети„. Просветно дело, октомври 2004 (проектот беше финансиран од страна на Министерството за Култура на Република Македонија).
- Без духовност нема егзистенција, Дневник, 2016
- „За трагичното значење на живеењето„, Скопје, Внатрешен патник, 1995
- „Културата како духовна причина„, Скопје, Портал, 2000
- „Современите универзитети во Европа„, Скопје, Нова Македонија, 2000
- „Кризата на вредностите во современиот свет„, Скопје, Пулс, 1997
- „Позадината на културата„, Скопје, Нова Македонија, 2001

- „Некои теоретски и практични појдовни точки на човековите права„, Атина, Публикација за човекови права, 2001
- „Напата иднина е во Европа„, Скопје, Македонска Телевизија, 2001
- „Универзитетот како институција на човекови права„, Скопје, Дневник, 2001
- „Медиумите и регионалната соработка„, Публикација на Европската Комисија, Брисел, 2000
- Месечни публикации на Делегацијата на Европската Комисија во Скопје „Иднината е во регионалната соработка„.

*Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес*

- Брисел: Белгија - Европска Комисија, „Перспективата како информациско општество„, мај 1999
- Торино, Италија - Европска фондација за обуки, „Проценка на Заеднички Европски проекти„, мај 2000
- Љубљана, Универзитет на Љубљана-Словенија, шестмесечна посета за презентација на идеите на современите Европски образовни системи и подготовка на материјали за магистерскиот труд.
- Софија, Бугарија „Бугарски Темпус инфо ден за регионална соработка„, октомври - декември, 1999
- Киев, Украина „Перспективите на високото образование во земјите од Европската Унија„, април 2001
- Прага, Република Чешка „Проценка на Заеднички европски проекти во Чешката Република„, декември 2001
- Сараево, Босна и Херцеговина, „Регионална соработка во рамките на Пактот за стабилност„, јуни 2000
- Будимпешта, Унгарија, „Истражување на модернизацијата на високо-образовниот систем„, декември 2001
- Германија, Берлин, ДААД Конференција, ноември 2001
- Австрија, Грац, „Семинар за воспоставување на регионален центар за модерни европски јазици, литератури и култури„, јули 2001

- Брисел, Белгија, „Улогата на медиумите во процесот на Европска интеграција„, јуни 2001
- Франција, Париз, ЕНА „Шест месечен престој за запознавање со политичкиот и административниот систем во Франција„, октомври 2002
- Бугарија, Софија, четири неделен престој на Американскиот Универзитет во Софија за запознавање со Европската Унија и процесот на Европска интеграција во Југоисточна Европа, јули 2003
- Грција, Атина, Учество на семинар за човекови права, септември 2001

***Оценка од хабилитациона постапка***

Согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – БАС, кандидатката д-р Мимоза Рајл учествуваше во хабилитациона постапка за избор на Академијата каде имаше за задача да демонстрира практикување на наставно-обучувачката методика на Академијата на ниво соодветно на звањето. Беше реализиран наставен час и беше направена евалвација на изведбата на кандидатката за наставник од страна на студентите, колега од истата област, претставник на Наставничкиот совет, односно на менаџментот и самоевалвација на кандидатката. Врз основа на добиените резултати може да се воочи дека кандидатката не задоволува повеќе сегменти кои беа предмет на оценување..

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот д-р Мимоза Рајл.

Врз основа на предвидените услови за избор на наставник во насловно звање, кандидатот ги има исполнето основните и дополнителните критериуми, односно има завршено втор циклус на студии од областа и трет циклус од областа на филолошките науки, има објавено трудови, но според резултатите од хабилитационата постапка нема способност за наставна и високо стручна работа.

Со оглед на тоа што според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – БАС резултатите од

хабилитационата постапка се елиминаторни во постапката за избор во звање, Комисијата му предлага на Наставничкиот совет, кандидатката д-р Мимоза Рајл да не ја избере во насловно звање за наставниот предмет Вовед во филозофија.

Скопје, 06 октомври 2017

**Рецензиона комисија:**

**Проф. д-р Гордана Никчевска - претседател**
**с.р.**

**Проф. д-р Валентина Гулевска - член**
**с.р.**

**Проф. д-р Гордана Тасевска - член**
**с.р.**